Синдикат на работниците од угостителството, туризмот
комунално-станбеното стопанство, занаетчиството
и заштитните друштва на Р. Македонија

СУТКОЗ

Trade Uunion of the Workers in Catering, Tourism,
Comunal - Residental Economy, Handicraft
and Associations for Disabled of Republic of Macedonia

Ул. 12 Ударна бригада бр. 2а, 1000 Скопје, тел./факс 02/3239-857
E-mail: sutkoz@yahoo.com

Бр. 0302-138/2
31.3.2016 год.
Скопје

До

Членовите на претседателството на ССМ
Комисија за финансирање на ССМ

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ССМ
СКОПЈЕ

| Примено | 31.03.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0302 | 58/3 | | |

Предмет : Одговор на известување.

Почитувани,

Во прилог на овој допис, би сакале да одговориме на Вашето известување од 08.02.2016 година, заведено под бр.0302-58/1.

Надзорниот одбор,Извршниот одбор и Претседателството на СУТКОЗ на РМ, секој од нив на посебна и, на крајот на заедничка седница ја разгледуваа финансиската состојба на СУТКОЗ на РМ, посебно во делот на финансирање на ССМ и тоа за периодот од 03.2013 година до 2015 година, согласно Одлуката за финасирање на Сојузот на синдикатите на Македонија бр.0702-77/3 од 19.03.2012 година,како и меморандумот за финансирање на Сојузот на Синдикатите на Македонија, склучен помеѓу тогашниот и сегашен претседател на ССМ-Живко Митревски и тогашниот претседател на СУТКОЗ на РМ-Зоран Георгиевски.

Согласно член 5 од Статутот на ССМ и врз основа на Одлуката за финансирање бр.0702-77/3 од 19.03.2012 година и меморандумот за финансирање на Сојузот на Синдикатите на Македонија каде што се вели:

**"Должни сте на ССМ од синдикалната членарина што се прибира во СУТКОЗ на РМ од синдикалните членови да му уплатувате 22,33 % , доколку членарината што се собира е во висина од 0,6% или 14% доколку членарината што се собира е во висина од 1% . "**

Согласно оваа Одлука бр.0702-77/3 од 19.03.2012 година, СУТКОЗ на РМ во прилог Ви доставува финансиски извештај кој покажува дека СУТКОЗ на РМ има преплатено по основ на уплатена членарина кон ССМ и затоа во краткиот изминат период нашата уплата бележи извесно намалување .

Согласно известувањето и укажувањето од Вас и Комисијата за начинот на финансирање на ССМ , а кое се однесува на уплатата на синдикалната членарина, **бараме** да направите увид во Вашата сметководствена евиденција, при што ќе се констатира дека СУТКОЗ на РМ не само што нема долг по основ на уплатена членарина кон ССМ туку напротив има и побарување по основ на повеќе уплатени средства по основ на членарина,бидејки во периодот од 03/2012 до 2015 година,не е почитуван склучениот меморандум за Финансирање на ССМ, односно уплаќано е по стариот модел,наместо 22,33 % , па затоа Ве молиме да

извршите поврат на вишокот уплатени парични средства на СУТКОЗ на РМ по основ на уплатена членарина.

Според горенаведеното никако не станува збор за повреда на Статутот на СУТКОЗ на РМ и Статутот на ССМ,барем не од страна на СУТКОЗ на РМ, бидејќи сметководствените служби на ССМ не реагирале на непостапувањето според Меморандумот за финансирање на ССМ ,се додека тоа одело во прилог на ССМ.

Со ова Суткоз на РМ докажува дека работи исклучиво според Статутот на ССМ и Статутот на СУТКОЗ на РМ.

Со ова известување и укажување од Ваша страна и од страната на Комисијата за начинот на финансирање на ССМ е запознато целокупното раководство на СУТКОЗ на РМ .

Ставот на Надзорниот и Извршниот одбор на СУТКОЗ на РМ,како и на целото претседателство е :
"Да се изврши порамнување во однос на побарувањата и обвските по основ членарина на гранскиот синдикат СУТКОЗ на РМ кон Сојузот на синдикати на Македонија. Да се утврди, усогласи и взаемно прифати износот на повеќе уплатената членарина во период од 2012-2015 година, помеѓу двете засегнати страни и истиот или веднаш да се врати или да се пребиваме меѓусебно додека истиот не се порамни."

Со ова сакаме да ја дематираме Вашата паушална изјава дека намалената уплата се должи на лични проценки и Ве повикуваме заедно со Комисијата за финансирање на ССМ да направите детална ревизија на уплатата на членарината од СУТКОЗ на РМ кон ССМ , со што би се почитувала во целост Одлуката за финасирање на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Суткоз на РМ е крајно одговорен и отворен за соработка и изнајдување на заедничко решение за оваа состојба.

Со почит,

СУТКОЗ на РМ
претседател
м-р Дарко Димовски